Врз основа на член 37 став (2) од Законот за данокот на личен доход („Службен весник на Република Македонија“ бр. 241/18), министерот за финансии донесе

## ПРАВИЛНИК

## ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА СОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ДАНОЧЕН БИЛАНС ЗА ОБВРЗНИЦИТЕ КОИ ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ
**(“Сл.весник на РСМ” број 271/2019)**

### Член 1
Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на составување на годишниот даночен биланс за обврзниците кои остваруваат приходи од вршење на самостојна дејност и кои согласно со член 30 став (1) од Законот за данокот на личен доход, се должни да водат деловни книги.

### Член 2
Годишниот даночен биланс се изготвува на образец „ДЛД-ДБ“ во А4 формат, во хартија во бела боја.

Формата и содржината на годишниот даночен биланс се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

### Член 3
Годишниот даночен биланс се составува на следниот начин:
-во делот А. Утврдување на основата за пресметување на данокот на доход од самостојна дејност, се искажува нето доходот односно загубата, утврдена со Билансот на приходи и расходи на образецот „Б“ и се искажуваат по одделни видови сите расходи кои не се признаваат за даночни цели,
-во делот Б. Даночни намалувања и ослободувања, се искажуваат сите намалувања на даночната основа и на пресметаниот данок и
-во делот В. Данок за плаќање, се искажува пресметаниот годишен данок, платените аконтации на данокот во текот на годината за која се пресметува данокот и утврдената разлика.

### Член 4
Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за содржината и начинот на составување на годишниот даночен биланс за обврзниците кои вршат самостојна дејност и водат деловни книги („Службен весник на Република Македонија” бр. 10/02, 58/02, 1/07, 3/08 и 22/11).

### Член 5
Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-11946/1
23 декември 2019 година
Скопје

Министер за финансии
**д-р Нина Ангеловска**